**Одлука бр.1**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна седница одржана на 25.12.2024 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за висина на годишната членарина за тениските клубови кон ТФСМ за 2025 година**

**Член 1**

Членарината за тениските клубови за 2025 година во зависност од критериумите за определување на бројот на гласови во Собранието на ТФСМ изнесува за секој глас по 15.000,00 денари.

**Член 2**

Тениските клубови должни се членарината за 2025 година да ја платат најдоцна до 31.03.2025 година на основа на доставена фактура од страна на ТФСМ.

**Член 3**

Доколку тенискиот клуб не ја подмири обврската на име годишна членарина најдоцна до 31.03.2025 година, ќе биде привремено суспендиран од учеството во работата и стекнувањата на правата од Тениска Федерација на Северна Македонија.

**Член 4**

Доколку тенискиот клуб не ја подмири обврската на име годишна членарина до 31.03.2025 година, по поднесено известување и опомена до истиот, тој и неговите регистрирани натпреварувачи ќе биде суспендирани од учеството на турнирите и натпреварите од Календарот на ТФСМ за 2025 година.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2025 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 25.12.2024 година